20262744924

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за градење,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 18 ноември 2026 година.

Бр. 08-7045/1
18 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска-Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25, 269/25, 51/26, 134/26, 223/26 и 250/26) во член 51 во ставот (4) по зборовите: „линиски инфраструктурни градби“, се додаваат зборовите: „и брани со акумулации“.

Член 2

Во член 59 ставот (5) се менува и гласи:

„Доколку е поднесено барање за одобрение за градење за градби за производство на електрична и топлинска енергија и складишта на електрична енергија, покрај доказите од ставот (2) на овој член, се доставува и известување од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини дека енергетскиот објект е опфатен со важечки Годишен план за изградба на енергетски објекти, согласно со одредбите од Законот за енергетика.“.

Член 3

Во член 59-в во ставот (5) по зборовите: „Доколку се работи за изградба на“ се додаваат зборовите: „државни и општински патишта,“.

Член 4

Во член 59-з во ставот (2) зборовите: „две години“ се заменуваат со зборовите: „една година“.

Член 5

Во член 69 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, за градбите за производство на електрична и топлинска енергија, линиска инфраструктура, трафостаници и складишта на електрична енергија, во случај на извршени измени и/или дополнувања на урбанистичкиот план, државната, односно локалната урбанистичка-планска документација, урбанистичко-планска документација, урбанистичко-проектната документација или проектот за инфраструктура, во текот на изградбата можат да се направат измени на градбата, под услов со измените да не се менува намената на градбата и да не се влијае на функционалноста на истата.“.

Ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9).

Член 6

Во член 73 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За градбите од ставот (1) алинеи 9, 14 и 33 на овој член, кои се наоѓаат во рамки на споменик или споменичка целина и за кои не е донесен урбанистички план, односно урбанистичка-планска документација во случај кога како инвеститор се јавуваат државни органи, јавни претпријатија, правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Северна Македонија и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија или Собранието на Република Северна Македонија, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, како и општини, општини во Градот Скопје и Градот Скопје, не се применуваат одредбите од членот 74 од овој закон и за нив се применуваат одредбите од Законот за заштита на културното наследство.“.

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Член 7

Во член 74 ставот (2) се менува и гласи:

„По исклучок од ставот (1) на овој член, барањето за изведување на градбите, односно поставување на опремата од членот 73 став (1) од овој закон, чија изведба, односно поставување е финансирана од Буџетот на Република Северна Македонија или од страна на правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Северна Македонија или со средства од Европската Унија, односно друга меѓународна организација, како и за привремени градби за сместување на работници при изградба на линиски инфраструктурни објекти од прва категорија од членот 57 од овој закон, се поднесува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот и решението го издава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, барањето за изведување, односно поставување на модуларни градби или група од модуларни градби, наменети за вршење на здравствена дејност, се поднесува до Министерството за здравство и решението го издава Министерството за здравство, барањето за изведување на градбите, односно поставување на опремата од членот 73 став (1) од овој закон, во рамки на технолошко индустриските развојни зони формирани од Владата на Република Северна Македонија и од правни лица како и во индустриските и зелените зони основани од Владата на Република Северна Македонија, од страна на закупците и сопствениците на

земјиштето во технолошко индустриските развојни зони се поднесува до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и решението го издава Дирекцијата за технолошко индустриските развојни зони, додека барањето за изведување на градбите, односно поставување на опремата од членот 73 став (1) од овој закон, во рамки на технолошко индустриските развојни зони формирани од Владата на Република Северна Македонија и од правни лица како и во индустриските и зелените зони основани од Владата на Република Северна Македонија, од страна на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони се поднесува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот и решението го издава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, а барањето за изведување на градбите, односно поставување на опремата од членот 73 став (1) од овој закон во рамки на технолошки индустриски развојни зони за кои е склучен договор за јавно приватно партнерство се поднесува до Министерството за економија и труд и решението го издава Министерството за економија и труд.“.

Член 8

Во членот 94 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Одобрение за употреба за градбите за производство на електрична и топлинска енергија, линиска инфраструктура, трафостаници и складишта на електрична енергија за кои е издадено одобрение за градење за целата градба може на барање на инвеститорот да се издаде и за еден или повеќе нејзини делови, кои претставуваат градежна и функционална целина, потврдена со завршен извештај од надзорен инженер.

(4) За деловите на градбите од ставот (3) на овој член, кои биле изградени по делот или деловите од градбата за кои претходно била издадена употребна дозвола, на барање на инвеститорот може да биде издадена друга употребна дозвола ако претставуваат градежна и функционална целина, потврдена со завршен извештај од надзорен инженер.“.

Член 9

Во членот 97 по ставот (6) се додава нов став (7), кои гласи:

„(7) За градбите кои се наоѓаат во рамки на заштитени подрачја и/или споменички целини исклучувајќи ги контактните зони и тоа: објекти од профана архитектура-христијански и исламски, објекти од сакрална архитектура-христијански и исламски и археолошки локалитети, како и за градбите кои се опфатени со поединечен акт за заштита, по исклучок на ставовите (4), (5) и (6) на овој член, кога како инвеститор се јавуваат државните органи, јавните претпријатија, правните лица во целосна или доминантна сопственост на Република Северна Македонија и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија или Собранието на Република Северна Македонија, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, како и општини, општини во Градот Скопје и Градот Скопје, постапките за реконструкција, адаптација и реконструкција со адаптација се спроведуваат согласно со Законот за заштита на културното наследство.“.

Ставовите (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14) и (15) стануваат ставови (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15) и (16).

Член 10

За градбите за кои се издадени правосилни решенија за реконструкција на име на државни органи, јавни претпријатија, правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Северна Македонија и други субјекти основани од Владата на

Република Северна Македонија или Собранието на Република Северна Македонија, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, како и општини, општини во Градот Скопје и Градот Скопје, до денот на влегувањето во сила на овој закон, доколку при спроведување на постапките за реконструкција биле спроведени дополнителни неопходни работи и вложувања, како и неопходна адаптација на просторот со цел запазување на безбедноста, функционалноста и ефикасноста на градбата, врз основа на проект за изведена состојба заверен од надзорен инженер, завршен извештај од надзорен инженер и геодетски елаборат за извршен премер, по барање на инвеститорот во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон може да бидат запишани во јавната книга за запишување на недвижности и земени во редовна употреба реконструираните објекти.

Член 11

Постапките по кои биле издадени одобренија за градење врз основа на известување за поднесена иницијатива за вклучување во годишниот план за изградба на енергетски објекти од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, се сметаат дека се во согласност со одредбите од членот 2 од овој закон.

Член 12

Започнатите постапки, ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.